*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk


**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-1345/**

# З А П И С Н И К

**Од 141-ва седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 19.03.2021 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова,Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ,Селпин Керим,Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Марјан Цветковски-Директор на МРТ,Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи МРТ.

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради настанатата сосотојба со Ковид кризата во државата, 141-ва седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 13:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 140-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.

3. Разгледување Информација во врска со спроведената постапка за ликвидација на База ДООЕЛ Скопје.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 140-та седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 140-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата запиникот од 140-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** запсиникот од 140-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија.**
Вовед во оваа точка даде Претседателката на советот Смилка Јанеска Саракањац и притоа кажа дека најголем дел од нејзините забелешки по однос на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП МРТ се инкорпорирани во овој завршен документ,но дека сепак има уште неколку за кој смета дека се многу важни да бидат ставени во стратегијата:

1. На страна 3 МРТ ќе работи на промоција на почитување на човековите права промоција на демократските и мултикултурните вредности во земјата.
   Не промоција туку унапредување.

2. На стр. 24 да се дополни организациската шема, освен Директор на МТВ, МРА, Дописничка мрежа, Нови медиуми (не веб сајт) треба да се додаде и Музичка продукција.

3. Дел од петгодишната стратегија на МРТ е активирање на музичката и издавачката продукција на МРТВ. Музиката е еден од највредните делови на македонската култура и идентитет, а како што е дефинирано во визијата на Македонската радио-телевизија, МРТ треба да биде централен и носечки столб на националната културна и креативна индустрија, и како дел од тоа столб на музичката продукција во државата. За остварување на таа цел се планира враќање на музичките ансамбли кои дејствуваа во рамките на МРТВ, односно:
   - големиот народен оркестар,
   - оркестарот за народни инструменти,
   - чалгиите,
   - Биг-бендотна МРТ,
   - Камерниоторкестар,
   - Радиохорот и
   - Детскиотхор.

Во однос на профилот на кадрите кои се потребни, тоа се инструменталисти, етно-музиколози, аранжери, музички продуценти, композитори, вокални солисти, диригенти, саунд инженери, музички продуценти, аранжери, тон сниматели, техничари, кабломани, микромани, електроинженери задолжени за инсталација, одржување и поправка на опремата. Во согласност со новите видови работни ангажмани, овој дел на МРТ може да биде проектно организиран, најголем дел од извршителите да не се вработени на нодредено време туку ангажирани на проекти. Меѓутоа, јадрото на музичката продукција треба да е редовно вработено.
Во однос на потребната инфраструктура, треба да се приспособат музички студија, со студиска техника, инструментариум и сл., со набавка на современа опрема и софтвер за снимање на музика, опрема за снимање и печатење на ЦД-а и винили, односно плочи за аудиофили.

Во повторната изградба на музичката продукција на МРТ може да дадат свој придонес етаблирани асоцијации на професионални музичари и изведувачи со богато меѓународно музичко портфолио и реноме,ако што се Здружение на џез музичари, Оркестар Стефче Стојковски,Оркестар шарен кавал на Ангеле Димовски ,Чалгија оркеста рпри ПД Карпош, PMG колектив и Мирко Попов,потоа Канал 103 како еден ендемски феномен кој „независно“ егзистира под кровот на МРТВ, и многу други.
Фестивали кои би биле организирани од продукцијата за музичко издаваштво на МРТВ би биле фестивали за сериозна музика, фестивали за народни песни, фестивали за новосоздадени песни, фестивали за детски песни, фестивали за забавни мелодии, џез настани, рок настани, блуз концерти, алтернативни концерти, хипхоп концерти, експериментална музика.Посебниот музички канал во МРТВ ќе емитува музика и музички емисии во продукција на МРТВ од архивските снимки до рецентни настани. Друга важна активност на музичката продукција на МРТ би била издавање на антологиски избори од сите области и жанрови на македонската музика и друго.
Директорот на МРТ Марјан Цветкоски се согласи со забелешките на Претседателката на советот и побара истите да бидат доставени и на писмено после седицата за да може да бидат икорпорирани во финалниот текст.
Заменик Претседателот на Програмскиот совет предложи работното место Програмски директор да биде иземено како функција од документ.
Директорот на МРТ Марјан Цветкоски објасни дека во овој документ фукцијата Програмски директор е наведена како стратешка определба,законски истата се инкорпорира преку носење на Правилникот за систеамтизација на работни места и Правилникот за внатрешната организација на работни места, ако го ставиме тука не значи автоматски дека ќе постои одма како функција.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Предлогот:
Работното место **„Програмски директор“** да биде избришано од организациската шема на Петгодишна стратегија за развој на ЈРП Македонска Радиотелевизија:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**3** члена,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека предлогот работното место „Програмски директор“ да биде избришан од организациската шема на Петгодишна стратегија за развој на МРТ **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разгледување Информација во врска со спроведената постапка за ликвидација на База ДООЕЛ Скопје.**
Вовед во оваа точка даде Лозенка Мицевска од Одделението за правни работ во МРТ која пред присутните членови образложи Информација за спроведена постапка за ликвидација на Друштво за истражување на јавното мислење, бази на податоци, консалтинг и издавачка дејност БАЗА ДООЕЛ Скопје пред Централен регистар на РСМ.
Лозенка во продолжение објасни дека врз основа на Заклучок на Надзорниот одбор од 76-та седница согласно кој беше одобрена иницијативата за отпочнување на постапка за ликвидација на правното лице Друштво за истражување на јавното мислење, бази на податоци, консалтинг и издавачка дејност БАЗА ДООЕЛ Скопје, од страна на Управителот на Друштвото беше дадено полномошно на Регистрационен агент кој што во соработка со надлежните служби при ЈРП МРТ ја спроведе постапката на упис на ликвидацијата пред Централен регистар на РСМ.
Постапката беше спроведена согласно закон и се одвиваше во неколку фази.
Членот на советот Ристе Панов со прашање што е со другите ДООЕЛИ до каде е нивната ликвидација.

Лозенка Мицевска објасни дека со Аргус дооел има раздвижување и одпочната е постапка за ликвидација,додека со ТВ Сцена немаме уште налог за ликвидација и овој дооел има сеуште вработени и деловна активност.

**ТОЧКА 4:Разно.**
Членот на Програмскиот совет на МРТ Ристе Панов по расправата по оваа точка го предложи следниов Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ ги задолжува менаџментот на МРТ и надлежните служби да ги достават следниве документи:
1.Правилник или некој друг општ акт на МРТ каде се регулира начинот за избор на кандидатите и песната за евровизија.
2.Писмен/усмен извештај од одговорната Мери Попова или извештај од Секторот за меѓународна соработка при МРТ за тоа како се спровел изборот на претставник за Евровизија за 2021 година (број на кандидати, начин и критериуми за избор, одлука и состав на комисија за избор и слично)
3.Одлуката или записник (од комисијата или друго тело) кој го извршил изборот за претставник на Евровизија 2021 година.
4.Договорот или друг писмен акт каде МРТ го има склучено со Васил Гарванлиев претставникот од Македонија за Евровизија за неговиот ангажман, за правата, обврските друго.
5.Извештај колку пари се предвидени да потроши МРТ за Евровизија, по ставки.
6.Да се достави Договорот или друг правен акт во кој МРТ ги регулира правата и обврските со ЕБУ за претставувањето на Македонија за Евровизија 2021 година (последици од раскинување...).
-Заклучокот беше **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ

Исто така по оваа точка беа разгледани и две Барања за пристап до информации од јавен карактер од барател Љубомир Бојковски со (бр.03-1285/1 и бр.03-1285/3).
По однос на овие барања Програмскиот совет на МРТ бидејќи бараните податоци не се однесуваа на информации,документи и акти кои произлегле од работата на советот или на се однесуваат на Програмскиот совет на МРТ, едногласно се одлучи да се препратат до Директорот на МРТ за нивно понатамошно одлучување.

Седницата заврши во 14:20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател